
replek

За мое добро.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022



СОДРЖИНА

- ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР – ДУШАН ПЕЦОВСКИ
- ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ ОД ДИРЕКТОРОТ НА ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ И ЗАМЕНИК ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР - ПАНЧЕ ГЕЛЕВСКИ / КОСТА КОТЕСКИ
- ИСТОРИЈА И РАЗВОЈ НА РЕПЛЕК
- НАДЗОРЕН ОДБОР
- УПРАВЕН ОДБОР
- КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ
- ОПИС НА РАБОТЕЊЕТО, ОПКРУЖУВАЊЕТО И ПЛАНОВИТЕ
- ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
- ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ
- ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ
- ВЕЛЕДРОГЕРИЈА – ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ
- БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ
- ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ И УПРАВУВАЊЕ СО ИСТИТЕ
- ФИРМИ ЌЕРКИ
- АКЦИОНЕРИТЕ ВО ФОКУС
- ДИВИДЕНДА
- ИНВЕСТИЦИИ

ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР ДУШАН ПЕЦОВСКИ

Минатата година беше предизвик за сите нас. Економијата, предизвиците во здравствениот систем, севкупните економски и политички случувања влијаеја на сите сегменти од живеењето. Реплек особено внимаваше и превзема мерки за да ги заштити соработниците, особено се грижевме за точната и навремена набавка на квалитетни суровини, за нашите крајни корисници да уживаат во неспорниот квалитет и достапност. Наш предизвик беа и вработените, успеавме во особено тешка година да исплатиме и дополнителни бенефиции, се погриживме и за менаџерско осигурување како и дополнително здравствено осигурување за секој вработен. Пораснавме, и стекнавме нови 40 високо квалификувани вработени.

Дигитализацијата на процесите на вработените, беше уште еден сегмент каде почнавме со развивање на стратегија и проекти. Успешно комплетирајќи голем дел од нив, и дел остануваат од редовната агенда за наредната година. Визијата на компанијата ја сведовме на добросостојба за сите, секојдневно работејќи во таа насока.

Сите наши напори и активности ни го отвориј патот да креираме едно ново и подинамично опкружување, далеку поспремно за секојдневните предизвици и барањата на пазарот. Во таа насока инвестиравме во нов погон, инвестиција вредна 3 милиони евра. Погонот има за цел да ја зајакне позицијата на македонскиот пазар и да понуди уште поголем опсег на производи. Како се менува целиот здравствен концепт, на светско ниво така се менува и нашето работење.

Оваа година, Реплек прв пат оствари пораст на домашниот пазар. Тоа се должи на довербата во брендот, во нашите производи како и подобрената присутност на пазарот. Верувам ова препознавање ќе продолжи и следниот период.

Наш стожер останува квалитетот на производите, и тука немаме никакви промени. Постојано работиме и стекнуваме меѓународни сертификати за општа добра пракса, меѓу кои EU GMP и EAEU сертификати за добра производствена пракса.

Глобалниот пазар останува под огромен притисок и промени, вклучувајќи ги новите технологии – вештачка интелегенција кај клиничките испитувања, минимизирање на измами во поглед на користење на лек т.е. контраиндикации како и целосно подобрување на лековите; потоа промените на пазарот за канабис производи и препознавањето на состојката како огромен потенцијал во третирање на одредени состојби. Сите овие трендови и промени, креираат едно интересно опкружување во кое работиме. Работењето во вакви времиња е огромен предизвик. Одговорноста кон корисниците, кон акциониерите и кон општеството е уште поголема во вакви услови. Не постои краток пат до успехот, Реплек ја трасира својата патека веќе 77 години.

Благодарен сум за довербата која ја имате во Реплек, можноста која ни ја дадовте да го покажеме новиот правец.



ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ ОД ДИРЕКТОРОТ НА ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ И ЗАМЕНИК ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР

ПАНЧЕ ГЕЛЕВСКИ / КОСТА КОТЕСКИ



Предизвикот во фармако индустријата, зема нов правец последниве три години. Оваа година развојот доби нова форма, под влијание на економските и политички фактори. Реплек е сепак оптимист, верува во својот капацитет и брзата адаптација на своите вработени. Во овој период, вложувањето во човечки фактор се покажа како круцијално. Адаптибилноста и нашата посветност на вработените, како и отпорноста од ризици со правилно менаџирање, ги минимизираше сите потреси кои бизнисот ги преживува периодов.

Ги адаптиравме сите работни процеси, направивме клучни промени и брзо реагиравме на сите пазарни предизвици. Затоа денес можеме да кажеме дека имаме продажна мрежа која е рамо до рамо со сите пазарни барања. Нашиот пазар и посветеноста кон двата сегмента, B2B и B2C остануваат наши заложби и во следниот период. Акциониот план за наредните пет години е вистински предизвик за Реплек. Веруваме во нашите вработени и нивниот потенцијал и веруваме дека ќе го остваримe.

Производството останува наша клучна активност, и во периодот кој следи посветено ќе работиме и кон воведување на нови производи кои имаат голема пазарна предност и кои верувам лесно ќе се препознаат од корисниците.

Нашите финансики резултати се само рефлексија на сите наши активности и истите влеваат сигурност во иднината – со 9% пораст кај продажбата на странски пазари и пораст од 3% на домашниот пазар во споредба со минатата година (сегмент фармација).

Реплек ќе продолжи со својот раст и исполнување на проекциите од акциониот план.

Веруваме и креираме една нова поинаква работна етика, работни процеси и култура. Со акционери како вас, секогаш имаме поголема одговорност и предизвик. Во името на целиот продажен тим на Реплек, благодарни сме во довербата која ни ја давате од година за година. Останuваме заедно на ова патување кон креирање на подобра иднина, за нас, за вас и за целото општество!



ИСТОРИЈА И РАЗВОЈ НА РЕПЛЕК

Историјата на Реплек датира од 1945 кога е основано од Министерскиот совет на Фередална Македонија како државен склад за лекови кој потоа прераснува во републичко претпријатие за лекови. Оттука потекнува и самото име на Реплек – републички лек.

Реплек АД прераснува во акционерско друштво, однеговатаприватизацијаво 1999 година, кога е регистрирано во Трговскиот регистар со решение ТРЕГ 9942/98, на 05.02.1999. Од овој момент, Реплек прераснува во водечки македонски бренд во делот на производство и дистрибуција на лекови. Основните активности на Реплек се производството, складишни услуги, маркетинг и регистрација на нови лекови и суплементи, учество на тендери како и ЦРМ. Со текот на годините, Реплек успева да ја изгради својата позиција и на странските пазари, со учество од 70% од продажбата на странски пазари. Така, денес Реплек има присуство во повеќе од 25 земји и портфолио на производи кои ги исполнуваат строгите европски нормативи за квалитет.

Реплек АД е учесник на Македонска берза, на чиј сајт www.mse.mk има податоци за финансиски резултати, информации обврзувачки по закон, и други податоци за издавачот.



ВИЗИЈА

ДОБРОСОСТОЈБА

МИСИЈА

СИНЕРГИЈА

КОМПАНИСКИ ВРЕДНОСТИ

АГИЛНИ, ИНОВАТИВНИ,
ЕДЕН ТИМ







НАДЗОРЕН ОДБОР

Во согласност со позитивните законски одреби, како и Статутот на Реплек АД, Надзорниот Одбор е одговорен за контрола и надзор врз работењето на компанијата. Надзорниот одбор се состанува четири пати годишно, и како дел од своите обврски е разгледувањето на одлуките од Управниот одбор и нивно усвојување.

Надзорниот одбор го разгледа Бизнис планот на друштвото за 2023 година, кој се состои од – план на продажба, план на трошоци, план на работна рака, и планиран паричен тек. Бизнис планот кој е предвиден за 2023 година, е усовен како издржан и сеопфатен со цел постигнување на целите на Реплек АД.

Надзорниот одбор е составен од четири члена.

Георгиевски Антонио,

Претседател на Надзорен одбор Дипл. Економист Основач и Управител на ДТУ АГ Ситко Скопје

Андреевски Петар,

Член на Надзорен одбор Дипл. Електро иженер Извршен директор и

Ко-основач на Друштво за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје

Гашевски Владимир,

Независен член на Надзорен одбор Дипл. Правник Адвокат во Адвокатска канцеларија Владимир Гашевски

Наум Јанакиев,

Член на Надзорен одбор ВСС Бизнис менаџмент и комуникација

УПРАВЕН ОДБОР

Душан Пецовски,

Претседател на УО и Генерален директор на Реплек АД Скопје Дипломиран економист, Магистер по Бизнис администрација, МБА

Билјана Несторовска Ѓошевска,

Член и Директор на сектор Производство во Реплек Фарм Дипл. Фармацевт, Специјалист по Фармацевтска технологија

Коста Котески,

Член и Заменик Генерален директор на Реплек АД Дипломиран економист, Доктор по менаџмент

Панче Гелевски,

Член и Директор на сектор продажба и маркетинг, Дипломиран фармацевт,

Управниот одбор во текот на 2022 година своите активности ги вршеше во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото. Носеше одлуки за деловната политика и го водеше работењето на друштвото. Управниот одбор, се состануваше редовно, при што во текот на 2022 година одржа 22 седници и донесе вкупно 70 одлуки/заклучоци.

Во извештајот за работата на Управниот одбор во текот на 2022 година се изнесуваат поважните одлуки што ги има донесено Управниот одбор и тоа:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства и усвојување на извештајот за извршен попис
- Одлуки за усвојување предлог-годишна сметка на друштвото, предлог-консолидирана годишна сметка на друштвото и предлог-годишен извештај за работата на друштвото (консолидиран);

Една од целите на УО е и подобрата и пофункционална организација на работењето на друштвото, и во таа насока се донесе одлука за измени и за дополнување во внатрешната организациска струлктура и во Правилникот за систематизација на работни места.

УО ги донесе и следните одлуки со кои се одобрува:

- Исплата на новогодишен додаток за сите вработени
- Исплата на регрес за годишен одмор
- Исплата на велигденски додаток
- Приватно здравствено осигрување за секој вработен
- Инвестиција во фотоволтаици

Вкупните бруто годишни примања на Надзорниот и Управниот одбор во 2022 година изнесуваат 2.156 илјади денари и 22.611 илјади денари, соодветно, по основ на редовна плата и други примања на членовите на органите на управување и на органите на надзор

КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Врз основа на член 384-а од Законот за трговски друштва, Управниот одбор изјавува дека во Групацијата Реплек се применува кодекс за корпоративно управување донесен од страна на Реплек АД врз основа на законските прописи на РСМ. Кодексот е јавно достапен за сите вработени на огласната табла во просториите на компанијата, како и во електронска форма за интерна употреба. Од донесувањето на Кодексот на ден 29.04.2020 година па сè до денес, не постојат случаи кои би укажале дека постојат отстапувања од правилата на кодексот за корпоративно управување, туку напротив, стремеж на компанијата е максимално да се почитуваат правилата со што се обезбедува успешно работење на компанијата, заштита на нејзините интереси како и интересите на вработените.

ОПИС НА РАБОТЕЊЕТО, ОПКРУЖУВАЊЕТО И ПЛАНОВИТЕ

Во 2022 година, Реплек АД се ребрендираше и започна со оптимизација на продуктното портфолио. Овие активности имаат за цел да го позиционираат Реплек како компанија која е една од клучните играчи на фармако пазарот во Македонија и надвор од државата.

Ребрендирањето се одвиваше во неколку фази, надворешно и внатрешно ребрендирање, ребрендирање на амбалажи на производи, нова веб страница која нуди можност за читање и за дислексични лица. Дополнително, оваа година Реплек за прв пат присуствуваше на меѓународниот саем за фармациски производи CPHI Франкфурт.

На овој начин, успеавме да го позиционираме Реплек на картата на меѓународни компании кои имаат квалитетни производи и кои можат да се носат со предизвиците.

Оваа година, Реплек за прв пат беше и златен спонзор на Фармацевтскиот конгрес, кој се оддржа во Охрид.

Нашата цел е да ги пресретнеме предизвиците на секојдневните корисници. Постојано истражуваме и ги подобруваме нашите услуги, нашите производи. Нашата визија е да креираме добросостојба на сите учесници во градењето на Реплек приказната – акционерите, корисниците, партнерите како и вработените. Нашата стратегија е да градиме компанија која е фокусирана на производство на современи решенија за добросостојба на нашите корисници, да комерцијализираме лекови и суплементи кои се потребни на пазарот, да извезуваме премиум производи како и да изградиме бренд кој е препознатлив на домашниот и меѓународен пазар. Со цел да ја остваримe нашата визија и стратегија, ги следиме нашите постулати:

- Вложување во едукација на вработени и оптимизација на процеси
- Дигитализација на процеси
- Подобрување на довербата во брендот и производите
- Постојана поддршка на проекти од особена важност за општеството и поддршка на маргинализирани групи

- Брза адаптација на сите промени на пазарот, притоа задржувајќи го квалитетот и општите практики за добро менаџирање и работење

Иако компанијата беше изложена на големи промени во последната година, во 2022 Реплек сепак успеа да постигне пораст во продажбата и приходи од продажба во износ од 1.251.667 илјади денари.

Нашите производи се пласирани и имаат значајна продажба на 25 странски пазари.

Стратегијата на развојните активности во Истражување и развој, вклучува и фокус кон вработените. Оваа година научниците кои се дел од овој Сектор земаа учество на неколку научни конференции, и објавија свои стручни трудови.

Оваа година беа направени следните инвестиции:

- Збогатување на машинскиот парк, со нова лабораториска машина "DPL-3, Fluid Bed Dryer & Granulator" од производителот "SaintyCo". Тоа е една машина со два режими на работа: сушење на влажен гранулат со помош на проток на топол воздух и гранулација на прашоци преку прскање со раствор за врзување при што се создава влажен гранулат кој се суши со помош на проток на топол воздух. Со новата машина се овозможува пефикасно зголемување и трансфер на производите и процесите на влажна гранулација од лабораториските во индустриски услови. Воедно се ововзможува изработка на проби со постапка на спреј гранулација и сушење во флуидна сушница. Со ова се овозможува во иднина да се воведе нов процес во нашето индустриското производство.

- Сектор Развој и истражување заедно со сектор Производство заврши во фабриката "OmniProjekt", Србија успешен "Factory Acceptance Test-FAT" (тест кој се изведува во фабриката каде е произведена опремата, по завршувањето на производството, за да се докаже дека опремата има перформанси и функционалност согласно со спецификацијата и барањата на купувачот) за машината за полнење на кесички. На овој начин, Реплек ќе ги збогати своите капацитети, и во следнито период ќе пушти во употреба нова палета на производи.

- Заедно со секторите Обезбедување на квалитет, Контрола на квалитет и Регулаторни активности после успешно завршената Евроазиска инспекција за "Good Manufacturing Practice-GMP" (Добра производна Пракса-ДПП), подготви досијеа за регистрации на лекови за земјите од Евроазиската Економска Унија-ЕАЕУ.

- Во соработка со Човечки ресурси, како и со Секторот Контрола на квалитет овозможи практикантство на: студентка на Факултетот за биотехнологија и хемија, "Jacobs University" во Бремен, Германија; студентка на Факултетот за биохемија, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје; ученици од Хемиско средно училиште "Марија Склодовска Кири", Скопје и магистранти на Фармацевтскиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје.

- Практикантство на специјализанти по Фармацевтска технологија од: Факултетот за медицински науки-Фармација, Универзитет "Гоце Делчев", Штип и Факултетот за медицински науки-Фармација, Државен универзитет, Тетово.

- Секторот успешно ја заврши и целосната дигитализација на Технолошките досијеа за производство на полупроизвод и Технолошките досијеа за пакување. Со оваа обемна активност, откако во претходните години целосно се компјутеризираше следењето на стабилност на пробите и готовите производи, Сектор Развој и истражување продолжува со добрата еколошка практика на намалување на употребата на хартиени документи за сметка на електронските.

Во изминативе години бележиме постојан раст на портфолиото, со зголемен обем на пребарување, утврдување и подготвување на нови пријави во различни јурисдикции, и притоа се грижиме за постоечките регистрации и обнови.

Растот и развој на Реплек досега е изграден со органски пристап и присуството на нови пазари го гради исклучиво со своите долгогодишни партнери. Групацијата Реплек максимално се труди да ги искористи сите свои алатки, знаење и искуство и да го зголеми своето меѓународно присуство.

Плановите за следните години се целосна експанзија и концентрација на ЕУ пазарот. Квалитетот на нашите производи започнува од суровините, продолжува кон готовите производи кои потоа продолжуваат кон индустриски серии. Оваа година, сите инвестиции на групацијата беа насочени кон производството со цел испорака на оптимизирање на сериите како и трошоците.

Снабдувањето во 2022 се одвиваше со уште поголеми предизвици од минатата година. Последиците од Ковид, како и влијанието од војната ги усложни транспортните коридори на кој влијаеше и драстичното зголемување на цените на суровините како и на енергенсите.

Тимот на Реплек, кој веќе долги години го гради своето искуство и знаење, успешно ја преброди и оваа нова криза. Нашите соработници, максимално ги вложија сите свои напори и имаа огромно разбирање и уште еднаш ја потврдија својата позиција како партнери на Реплек. Заеднички, успеавме да изградиме основа која во кризниот период ни обезбеди непречено одвивање на логистиката, притоа максимално внимававме да не го нарушиме и самото производство.

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Соочувајќи се со уште една тешка година, година полна со предизвици и неизвесности, Реплек успеа да се соочи и да реши многу клучни активности за вработените. Горди сме на своите вработени кои оваа година, полна со предизвици и промени, се посветија и се заложија да го одржат тимскиот дух, да ја поттикнат амбицијата кај секој од нас, сè во насока кон развојот на групацијата.


За прв пат, Реплек се издвојува како компанија која е препознаена како место за млади и амбициозни кадри. Присуствувавме и на саемот за кариера организиран од Економскиот факултет, каде бевме препознаени како работодавец кој гради една поинаква, атрактивна работна култура.

Оваа година воведовме и кампања за брендирање на вработените (employer branding), кои со своите пораки ја потенцираа важноста од превенција за многу болести и состојби. Оваа пракса ќе продолжи и натака, и ќе се трудиме како компанија која има одговорност кон широката јвност, да ја потенцираме добросостојбата и заеднички да ја градиме. Дел од активностите кои ја одбележија оваа година се и


- Креиравме отворена политика за комуникација
- Инвестиравме во XP софтвер за дигитализација на процесите, за регрутација како и за соодветна и брза селекција на кандидатите
- Ја активиравме практикантската работа, оваа година имавме значителен број на практиканти и специјалзанти на пракса
- Вработивме 2 специјализанти
- Нови вработувања на 40 стручни и соодветно квалификувани лица
- Се ориентиравме кон креирање на работна околина која постојано вложува во развојот на вработените, обуките
- Оваа година за прв пат, се организираше и анкета за задоволството на вработените и услугите како и работните услови кои ги нудиме
- Ги дигитализиравме многу од алатаките за учење и континуирано следење на напредокот на вработените

	Жени	Мажи	Вкупно	Женски пол	Машки пол
РЕПЛЕК АД	24	7	31	77%	23%
РЕПЛЕК ФАРМ	271	113	384	71%	29%
ВКУПНО	**295**	**120**	**415**	**71%**	**29%**

РЕПЛЕК АД



РЕПЛЕК ФАРМ



ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Во 2022 година, го иницираме процесот на интегрирање на целите на ОН за Одржливост, кои се глобална рамка за напредок кон целосно одржлива иднина. Унапредувањето и работењето според овие цели, е критично за нашата стратегија како и инклузивен раст.

Овие цели, се сега наши цели. Ги претставуваат нашите силни страни и нашиот капацитет да влијаеме и да креираме една поинаква иднина за сите нас.

- Цел 5 родова рамноправност – скоро 75% проценти од нашите вработени се од женскиот пол
- Инвестиција за изградба на фотоволтаици за прозиводство на електрична енергија - цел 7, чиста енергија
- Нов кодекс за етичко и деловно однесување – цел 8, достоинствена работа и економски развој
- Во 2022 повторно имавме пораст на извозот и допринесовме кон цел 12 – одговорна потрошувачка и производство

ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Новиот слоган на Реплек, „За мое добро" веќе добива на тежина со сите активности кои започнавме да ги реализираме годинава. Се обврзавме да придонесуваме кон општото добро на нашите вработени, опкружувањето, волонтерстовото како и подигнување на свесноста за превенции и прегледи.

Во таа насока, присуствуваме на Gentleman's Ride – хуманитарно рели со олдтајмери и мотори, со цел подгнување на свесноста за машкото здравје и важноста од превенција.

Земавме учество и на Social Friday глобалната иницијатива и заедно со Црвен Крст работевме како волонтери во Пукнтот за бездомници во Момин Поток. Дониравме и опрема и време, на оние на кои најмногу им е потребна. Вториот настан во оваа глобална иницијатива беше во соработка со Проект Среќа, работевме на сортирање на облека, дониравме наши додатоци во исхрана, витаминска поддршка како и лични донации од враотените, за најранливите категории.

Работевме и на спортскиот дух, и оваа година рекорден број на наши вработени земаа учество на Wizzair Скопски маратон. Притоа освоивме и 3то место на трката од 5км.

Грижата за најмладите е значаен дел од нашиот слоган, од нашите бои. Потпишавме Меморандум за соработка со Општина Центар, и на најмалите т.е. новороденчињата и нивните мајки им поделивме наши производи. Целта ни е да покажеме и пружиме поддршка од првите чекори.

Во соработката со Црвен Крст и ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина, се собраа 135 единици крв во критичниот летен период, кога крводарителството има помал интерес.

ВЕЛЕДРОГЕРИЈА – ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ

Оваа година, со сите промени и неизвесности на пазарот како и светските влијаниа, беше особен предизвик за надминување во делот на продажба. Реплек во фокусот ја стави целосната реорганизација на овој сегмент. Клучни сегменти на кои бевме особено фокусирани се:

- Зголемување на достапноста на есенцијални нови производи преку проширување на портфолиото со нови производи согласно трендовите на пазарот и секако потребите на крајниот корисник
- Реорганизација на продажната мрежа и промена на културата на работење преку инвестиции во едукација, модернизација на алатките за работење и промовирање на правите вредности. Наредната година, е планиран голем проект во развојот на продажната мрежа – имплементација на Sales Vison софтвер за продажба и маркетинг
- Интензивирање на едукативна поддршка на лекарите и фармацевтите со цел градење на добри здравствени навики кај пациентите
- Увоз промоција и застапување на иновативни производи и производи кои имаат додадена вредност кај пациентите
- Проширување и модернизирање на капацитетите за веледрогериско работење

- Овозможување на сервисни опции за увоз, складирање, дистрибуција, маркетинг и промоција кон надворешини компании
- Ресертификација на системите за квалитет
- Активна комуникација со крајните корисници со цел сублимирање и адаптирање кон пазарните потреби

БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Нашата примарна цел е безбедноста и здрвајето на нашите вработени, подобрување на процесите и инвестирање во безбедноста и здравјето при работа. Постојано ги едуцираме нашите вработени за опасностите и штетностие кои може да настанат на нивните работни места преку обуки и работилници од безбедноста и здравјето при работа и подигнување на свеста. Редовно правиме контроли и се трудиме да ги подобриме условите за работа , како и да го намалиме бројот на повреди при работа, професионални болести и болести поврзани со работата и да ја остваримe нашата цел 0 повреди при работа. Делуваме на нашите вработени преку едукација за пријавување на секој near miss инцидент кој ќе ни помогне за намалување на ризикот од повреди при работа. Секојдневно ги оптимизираме процесите во насока на подобрување на нивото на безбедноста на нашите вработени. Преку приватното здравствено осигурување што компанијата го покрива за секој вработен допридонесуваме за грижата за здравјето на нашите вработени.

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата на животната средина е еден од нашите најголеми приоритети во стратегијата на Реплек. Нашата компанија континуирано ги следи и имплементира најновите достигнувања во областа на заштита на животната средина сè со цел да придонесеме до почиста и поздрава животна средина во која сите ние работиме и живееме. Во декември 2022 успешно го имплементиравме интегрираниот менаџмент систем (IMS) , согласно барањата на стандардите ISO 14001:2015 систем за управување со животната средина и ISO 9001:2015 системот за управување со квалитет и добрата производна пракса (GMP).

Посебно внимание посветуваме во текот на производните процеси на селекција на отпадот и негово ефикасно рециклирање. Правилното постапување со опасниот отпад е важен сегмент за нашата комапанија и носи финасиски бенефит за нашата компанија , со опасниот отпад постапува овластена компанија. Со цел зачувување на животната средина и намалување на емисиите на CO2, инсталиравме фотоволтаична (соларна) централа со инсталирана моќност 948.29 kwh , со оваа инвестиција над 40 % од електричната енергија се заменува со сончева обновлива енергија. Групацијата Реплек ја доби А – интегрираната еколошка дозвола од Министерството за животната средина и просторно планирање. Овој документ е потврда за одговорното работење, континуиран мониторинг и намалување на влијанието врз животната средина, далеку под дозволениот минимум.


Certificate RS/00000044

SGS

The management system of

REPLEK AD

Kozle 188, 1000 Skopje, North Macedonia

has been assessed and certified as meeting the requirements of

ISO 9001:2015

For the following activities:

Wholesale with drugs, over-the-counter (OTC) drugs, nutritional supplements, cosmetics, special needs foods, disinfectants and cannabis products.

This certificate is valid from 02 January 2023 until 01 January 2026 and remains valid subject to satisfactory surveillance audits.

Issue 1. Certified since 02 January 2023.

Authorised by Daniel Willemin

Authorised by Jan Meerman

SGS Société Générale de Surveillance SA

Technoparkstrasse 1, 8005, Zurich, Switzerland

t+41 (0)44 445 16 80 - www.sgs.com

Page 1 / 1

Certificate RS/00000045

SGS

The management system of

REPLEK AD

Kozle 188, 1000 Skopje, North Macedonia

has been assessed and certified as meeting the requirements of

ISO 14001:2015

For the following activities:

Wholesale with drugs, over-the-counter (OTC) drugs, nutritional supplements, cosmetics, special needs foods, disinfectants and cannabis products.

This certificate is valid from 02 January 2023 until 01 January 2026 and remains valid subject to satisfactory surveillance audits.

Issue 1. Certified since 02 January 2023.

Authorised by Daniel Willemin

Authorised by Jan Meerman

SGS Société Générale de Surveillance SA

Technoparkstrasse 1, 8005, Zurich, Switzerland

t+41 (0)44 445 16 80 - www.sgs.com

Page 1 / 1

Отпад:

2021 – 37,42 T (тони) селектиран отпад по категории даден за рециклирање.

2022 – 40,25 T (тони) селектиран отпад по категории даден за рециклирање.

Параметар	Единица мерка	Метода на анализа	Г.В	01.22	02.22	03.22	04.22	05.22	06.22	07.22	08.22	09.22	10.22	11.22	12.22
pH вредност	-	M54 ISO 10523	6,5-9,5	7,21	7,76	7,1	7,45	7,54	7,66	7,3	7,36	7,22	7,04	7,16	7,23
Боја	-	M54 16 11	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без
Мирис	-	M54 1610	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без	Без
Вк. Сув остаток	mg/l	M54 EPA 2540 B	-	355	430	553	406	386	408	403	476	432	328	568	535
ХПК (K2Cr2O7)	mg/l O2	M54 ISO 8467	700	25	25	25	25	25	25	25	25	25	25	25	25
БПК -5	mg/l O2	M54 1216	250	3	3	3	3	3	3	3	3	3	3	3	3
"Вк. Органски Јаглерод TOC"	mg/l O	M54 ISO 14235	-	11,5	36,1	11,3	35,2	28,2	25,2	28,5	26,5	33,8	33,8	37,6	32,8
Нитрити, NO2-	mg/lN	M54 EPA 4500-B	10	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02	0,02
Нитрати HO3-	mg/lN	M54 ISO 7890-E	-	1	4,8	1	3,8	4,3	2,2	4,2	1,8	1	1	2,6	2,4
Хром Cr	mg/l	M54 ISO 11885	0,5	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05	0,05
Железо бк. Fe вк.	mg/l	M54 ISO 11885	-	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,15	0,12
Бакар Cu	mg/l	M54 ISO 11885	0,5	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1	0,1

Квалитет на отпадна вода:
Емисии на штетни материи (прашина) во воздух:

Мерења	ГВЕ	HAVAC A	HVAC B	HVAC K1	HVAC K2	LINE 1	LINE 2
01.2022	150 mg/m³	< 5 (0,5)	< 5 (0,6)	< 5 (0,9)	< 5 (0,2)	< 5 (0,5)	< 5 (0,4)
04.2022	150 mg/m³	< 5 (0,2)	< 5 (0,0)	< 5 (0,3)	< 5 (0,2)	< 5 (0,2)	< 5 (0,7)
07.2022	150 mg/m³	< 5 (0,0)	< 5 (0,5)	< 5 (0,3)	< 5 (0,0)	< 5 (0,0)	< 5 (0,0)
10.2022	150 mg/m³	< 5 (0,0)	< 5 (0,3)	< 5 (0,4)	< 5 (0,2)	< 5 (0,5)	< 5 (0,4)

Ниво на бучава во животна средина:

Мерно место	Мерен параметар	Измерена вредност	Гранична вредност
NL 1	Ld	56,7	60 dB (A)
	LAFMax	60,0	60 dB (A)
NL 2	Ld	56,6	60 dB (A)
	LAFMax	62,2	60 dB (A)
NL 3	Ld	55,9	60 dB (A)
	LAFMax	69,8	60 dB (A)
NL 4	Ld	53,3	60 dB (A)
	LAFMax	60,5	60 dB (A)

Реплек АД

Отпад:

2021 – 13,22 T (тони) селектиран отпад по категории даден за рециклирање.

2022 – 15,65 T (тони) селектиран отпад по категории даден за рециклирање.

Вкупно потрошена вода во м³ (Реплек АД и Реплек Фарм ДООЕЛ)

КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Групацијата Реплек Скопје ја извршува дејноста преку 3 правни субјекти:

- РЕПЛЕК АД Скопје – веледрогерија за големопродажба на лекови, медицински помагала и медицинска опрема.
- РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје – фабрика за лекови и хемиски производи,
- РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје – друштво за трговија на големо и мало, увоз – извоз и услуги во чиј состав се:

1. Реплек Маркет
2. Ресторан „Ден и Ноќ“

Групацијата во деловната 2022 година ги оствари следните резултати:

	2022 (000) МКД	2021 (000) МКД	Промена 22/21
Вкупни приходи	1.373.900	1.297.833	6%
Вкупни расходи	1.276.025	1.143.672	12%
Добивка пред оданочување	97.875	**154.161**	(37%)
Данок на добивка	15.938	19.368	(18%)
Добивка по оданочување	**81.937**	**134.793**	(39%)

Консолидираната добивка на Групацијата за 2022 година произлегува од следните финансиски резултати на друштвата во сопственост на Реплек АД:

Субјект	2022 (МКД 000)	2021 (МКД 000)
	Добивка пред оданочување	**Добивка пред оданочување**
Реплек АД	-20.649	-16.290
Реплек Фарм	47.025	162.285
Реплек Маркет	71.499	7.567
Ефект од консолидација	-	599
Консолидирана добивка	**97.875**	**154.161**

Финансиски резултати од посебните финансиски извештаи на друштвата кои се вклучени во консолидацијата

Веледрогеријата РЕПЛЕК АД, во деловната 2022 година ги оствари следните резултати:

	2022 (000) МКД	2021 (000) МКД	Промена 22/21
Вкупни приходи	435.305	186.939	133%
Вкупни расходи	375.639	127.229	195%
Добивка пред оданочување	**59.666**	**59.710**	0%
Данок на добивка	0	0	0%
Добивка по оданочување %%%	**59.666**	**59.710**	0%

Остварената добивка пред оданочување во најголем дел произлегува од евидентираните приходи од вложувања во поврзаните субјекти во износ од 80.315 илјади денари што претставува дел од остварениот резултат на поврзаните субјекти во 2021 година (претходната година е извршена распределба на дивиденди од поврзаните субјекти на износ од 76.000 илјади денари од остварениот резултат во 2020 година).

Во текот на 2022 година Реплек АД донесе одлука за затварање на подружница/продавница за трговија на мало и додатоци на храна со назив Грин Шоп Скопје. Друштвото изврши целосен пренос на уделот 45% кој го поседува во Друштвото за производство, трговија и услуги РХ Фарма ДОО Скопје кон содружникот.

РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ учествува со значителен дел во финансиските резултати на Групацијата РЕПЛЕК, оствари позитивни финансиски резултати:

	2022 (000) МКД	2021 (000) МКД	Промена 22/21
Вкупни приходи	1.073.503	1.060.621	1%
Вкупни расходи	1.026.477	898.335	14%
Добивка пред оданочување	**47.025**	**162.286**	**(71%)**
Данок на добивка	8.089	18.220	(56%)
Добивка по оданочување	**38.936**	**144.066**	(73%)

РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ со вршење на дејностите продажба на стоки на мало и големо преку маркетот и угостителски услуги преку ресторанот „Ден и Ноќ“. Во текот на 2022 година оствари позитивни финансиски резултати. РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ во текот на годината донесе одлука да се издаде под закуп ресторанот Ден и Ноќ. Друштвото изврши продажба на 3,558 м2 земјиште во износ од 75.000 илјади денари.

	2022 (000) МКД	2021 (000) МКД	Промена 22/21
Вкупни приходи	238.702	209.995	14%
Вкупни расходи	167.203	202.428	(17%)
Добивка пред оданочување	**71.499**	**7.567**	**845%**
Данок на добивка	7.849	1.149	583%
Добивка по оданочување	**63.650**	**6.418**	**892%**

Консолидираната оперативна добивка за периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година изнесува 104.776 илјади денари. Оперативните приходи изнесуваат 1.370.146 илјади денари и се зголемени за 9%, а оперативните расходи изнесуваат 1.237.126 илјади денари и бележат зголемување од 9% во однос на истиот период претходната година.

Консолидираните приходи од продажба се зголемени за 3% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба по деловни сегменти:

- Приходите на продажба на сегмент фармација бележат зголемување за 7% во однос на минатата година,
- Приходите од продажба на странски пазар се зголемени за 9%,
- Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се зголемени за 3% во однос на истиот период минатата година,
- Приходите на продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги се намалени за 21% во однос на минатата година.

Приходите од продажба по географски сегменти:

- Приходите од продажба на странски пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 68% (2021: 64%) се зголемени за 9%,
- Приходите од продажба на домашен пазар се намалени за 8% во однос на истиот период минатата година.

Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 97.875 илјади денари и бележи намалување од 37% во однос на истиот период минатата година, поради зголемени трошоци за електрична енергија, амортизација и трошок за вработени, отпис на основни средства.

Приходи од продажба:

	(000) МКД	2022% учество	2021 (000) МКД	2021 % учество	ПРОМЕНА 22/21
Домашен пазар	**405.507**	**32%**	**442.643**	**36%**	**(8%)**
ЗНД	430.826	34%	431.223	35%	(0%)
Африка и Близок Исток	155.748	12%	151.179	12%	3%
Југоисточна Европа	161.724	13%	157.991	13%	2%
Југоисточна Азија	40.161	3%	19.596	2%	105%
Европска Унија	57.700	5%	16.297	1%	254%
Останати	-	0%	1.230	0%	(100%)
Странски пазар	**846.159**	**68%**	**777.516**	**64%**	**9%**
	1.251.666	**100%**	**1.220.160**	**100%**	**3%**

На крајот на 2022 година, Групацијата располага со актива во износ од 2.263.099 илјади денари со следната структура:

- Тековни средства во износ од 899.342 илјади денари (средства на жиро сметки, залихи,побарувања од купувачите, краткорочни финансиски вложувања), што претставува 40% од активата;
- постојани средства во износ од 1.363.757 илјади денари, што претставува 60% од активата.

Вкупниот капитал и резервите изнесуваат 1.533.837 илјади денари и учествуваат со 68% во вкупните извори на средства.

	2022 (000) МКД	2022 % учество	2021 (000) МКД	2021 % учество	Промена % 22/21
ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА	1.363.757	60%	1.351.351	64%	1%
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА	899.342	40%	769.029	36%	17%
ВКУПНО СРЕДСТВА	**2.263.099**	100%	**2.120.379**	**100%**	7%
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ	1.533.837	68%	1.560.519	73%	(2%)
ТЕКОВНИ ОБВРСКИ	598.735	26%	418.719	20%	43%
ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ	130.527	6%	141.142	7%	(8%)
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ	**2.263.099**	100%	**2.120.379**	**100%**	7%

Клучни финансиски индикатори:

Бруто профитна маржа	32,18%	36,23%	32,94%
Оперативна профитна маржа	8,37%	13,21%	14,78%
Нето профитна маржа	5,96%	10,72%	12,67%
Повраt на капиталот	5,30%	8,73%	10,91%
Тековна ликвидност	1,59	1,86	1,66
Брза ликвидност	0,79	0,78	0,75
Капитал / Вкупни средства	0,68	0,74	0,72
Обрт на залихи	2,17	2,06	2,72
Денови на обрт на залихите	168	177	134
Обрт на побарувања	7,14	7,10	6,30
Денови на обрт на побарувања	51	51	58
Показател долг-сопствен капитал	44%	34%	37%
Заработувачка по акција	**3.187**	**5.200**	**6.316**

ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ И УПРАВУВАЊЕ СО ИСТИТЕ

Групацијата влегува во различни трансакции кои произлегуваат од секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Групацијата влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки и продажби на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. И покрај изложеноста од можните флуктуациии на странски валути, Групацијата континуирано ги следи промените и соодветно ги алоцира средствата со цел ефектите да бидат минимални.

Кредитен ризик

Групацијата е изложена на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Групацијата нема значајна концентрација на кредитен ризик.

Каматен ризик

Групацијата се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Групацијата има користено вакви кредити може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењето на финансиските пазари. Каматните стапки на кредити кои ги користи Групацијата бележат раст во однос на претходните периоди но се во пазарни граници.

Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Групацијата нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со континуирано обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски.

Ризик на финансирање

Групацијата врши финансирање на своето работење со сопствени средства како и со користење на краткорочни или долгорочни кредити од банки. Групацијата континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа. За периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година кредитното задолжување е зголемено за 100.596 илјади денари, односно на 31 декември 2022 година изнесува 289.932 илјади денари (на 31 декември 2021 година изнесува 189.336 илјади денари).

Обврски за кредити:	2022 (000) МКД	2021 (000) МКД
Тековен дел на долгорочни кредити	159.405	48.194
Долгорочни кредити	130.527	141.142
	289.932	189.336

ФИРМИ ЌЕРКИ

	2022 % на учество	2021 % на учество
Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје	100%	100%
Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје	100%	100%

АКЦИОНЕРИТЕ ВО ФОКУС

Структура на акционери и акционерски капитал

Акционерскиот капитал на Друштвото претставува номиниран капитал кој се формира со издавање на хартии од вредност (акции) на акционерите. Со состојба на 31 декември 2022 година, Друштвото има издадено само обични акции. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Структурата на акционерскиот капитал на Реплек АД е составена од домашни и странски правни и физички лица.

Номиналниот капитал на Реплек АД Скопје изнесува 25.920 акции со номинална вредност од 562,42 евра или номинален капитал во вкупен износ од 14.577.926,00 евра.

Издадени и целосно уплатени:	2022 број на акции	2021 број на акции
Обични акции	25.920	25.920
Вкупно акции	**25.920**	**25.920**

Според евиденцијата на Македонската берза, во 2022 година се истргувани 635 акција со 128 трансакции (без блок трансакции). Минимална цена по акција од 83.005,00 денари, односно максимална цена од 107.800,00 денари или просечна цена од 99.266,79 денари.

	2022 во МКД	2021 во МКД	2020 во МКД
Просечна пазарна цена по акција:	**99.266,79**	**107,737,48**	**85.883,70**

Друштвото согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп Број 02-1979/1, донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 27.04.2022 година, изврши откуп на 1.200 сопствени обични акции преку Македонска Берза на ден 26.10.2022 година со што вкупно поседува 1200 сопствени обични акции, односно 4,63% од основната главнина на друштвото.

Акциите на Друштвото котираат на официјалниот пазар на хартии од вредност (Македонска берза) во Република Северна Македонија. Последната пазарна вредност на една акција на Друштвото во 2022 година изнесува 87.550,00 МКД (во 2021: 101.850,00 МКД, во 2020: 104.000,00 МКД). Во рамките на вкупниот капитал е евидентирана разлика во износ од 28.350 илјади МКД како објективна вредност и останати резерви по основ на усогласување на номиналната вредност на акционерскиот капитал со состојбата во трговскиот регистар и ЦДХВ.

	2022 (000) МКД	2021 број на акции
Нето добивка за годината	81.937	134.793
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**81.937**	**134.793**

	2022 број на акции	2021 број на акции
Број на обичните акции на 31 декември	25.920	25.920
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**3.187**	**5.200**

ДИВИДЕНДА

На годишното собрание на Реплек АД Скопје за 2022 година, кое ќе се одржи во текот на 2023 година, ќе се изврши распределба на остварената добивка за 2022 година. Правото за остварување на дивиденда е согласно одлуката донесена на Годишното собрание.

Согласно Одлука за распределба на добивка донесена на Собрание на ден 27.04.2022 година, добивката по одаочување за 2021 година на Реплек АД Скопје во износ од 59.710 илјади денари е распоредена во акумулирана добивка.

Од распределба на добивката по годишната сметка за:	2021	2020	2019
Бруто дивиденда по акција во денари:	**0**	**3.412**	**4.168**

Реплек АД Скопје во текот на 2022 година има приливи од дивиденда од фирми ќерки, во износ од 80.315 илјади денари.

ИНВЕСТИЦИИ

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Во Друштвото континуирано се инвестира во градежни објекти и опрема, особено во зголемување на капацитетите на производството во Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје.

во (000) МКД	Земјиште	Градежни објекти	Опрема и транс.сред	Средства во подгот.	Вкупно
Нето сметковод-ствена вредност на:					
31.12.2022	**10.804**	**399.924**	**837.250**	**110.165**	**1.358.143**

Инвестиции во 2022 година прикажани по сегменти:

во (000) МКД	Градежен дел (000 мкд)	Постојки и опрема (000 мкд)	Опрема и транс. 000мкд)	Средства во подготовка	Вкупно
Реплек АД	**404**	**2.100**	**435**	**16**	**2.955**
Реплек Фарм ДООЕЛ			**10.838**	**79.245**	**105.913**
Сектор канабис	0	0	0	37.732	37.732
Секор производство	2.771	9.160	2.549	5.822	20.302
Сектор контрола на квалитет	0	1.065	2.662	226	3.953
Сектор за развој	0	2.371	0	0	2.371
Фотоволтаици	0	0	0	35.465	35.465
Останати	0	463	5.627	0	6.090
Реплек Маркет ДООЕЛ	**540**	**90**	**129**	**0**	**759**
Вкупно:	**3.715**	**15.249**	**11.402**	**79.261**	**109.627**